OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# Коментар

За остварените финансиски резултати на Охридска банка АД Скопје во периодот јануари – декември 2016 година

**Билансот на состојба** на Охридска банка АД Скопје на крајот од 2016 година изнесува 35.821 милиони денари и забележува зголемување од 2.905 милиони денари или 8,8 % споредено со крајот од минатата година и е за 13,5 % над планираното, во што најголем придонес имаат клиентските депозити, додека поради редовната отплата на достасаните рати има намалување на средствата од меѓународните финансиски институции.

Депозитите од клиентите во анализираниот период бележат пораст за 2.921 милиони денари или 12,4 % споредено со претходната година, при што планираниот износ за овој период е надминат за 22,2 %. Депозитите на правните лица бележат зголемување за 18 %, во кој пораст најголем придонес имаат депозитите по видување, во најголем дел трансакциските депозити на клиентите. Краткорочно орочените и ограничените депозити бележат помал раст, додека долгорочно орочените бележат незначително намалување. Врз состојбата на депозитите од правните лица влијание имаа цикличните движења на депозитите на големите компании и приспособувањето на ценовната политика на Банката. Депозитите на физичките лица бележат зголемување од 6,3 %, во кој пораст подеднаков е придонесот на депозитите по видување и на орочените депозити.

Депозитите на комитентите, со учество од 74 %, се доминантен извор на финансирање на активностите на Банката. Од аспект на рочната структура, најголемо учество имаат депозитите по видување, кои учествуваат со 47,9 %, следуваат долгорочно орочените со 24,0 %, краткорочно орочените со 18,7 % и ограничените со 9,4 %. Анализирани од аспект на валутната структура, девизните депозити учествуваат со 52,6 %, депозитите во денари со 46,8 %, додека депозитите со валутна клаузула со 0,6 % во вкупните депозити.

Кредитните линии од меѓународните финансиски институции имаат учество во вкупните обврски од 13,5 %, во кои се застапени кредитни линии од ЕИБ, ЕБРД, ЦЕБ, ИФЦ, МБПР, ГГФ и од ЕФСЕ.

Субординираните обврски на крајот од декември 2016 година се во износ од 870 милиони денари и се непроменети во однос на минатата година, останувајќи во согласност со планираниот износ.

На крајот од декември 2016, споредено со крајот на минатата година, акционерскиот капитал и резервите на Банката достигнаа износ од 3.020 милиони денари и бележат зголемување за 15,1 % како резултат на распределбата на добивката од претходната година во нераспределена добивка, што е во согласност со планот на Банката за јакнење на капиталната основа на Банката како поддршка за пораст на комерцијалните активности на Банката.

Расположливите извори на финансирање на страната на активата во најголем дел се алоцирани во комерцијални пласмани на клиенти што учествуваат со 67,3 %, при што вкупните бруто-кредити достигнаа ниво од 25.557 милиони денари, со што планираниот износ за овој период е надминат за 4,1 %.

Паричните средства учествуваат со 20,3 %, пласманите во хартии од вредност учествуваат со 8,6 %, додека пласманите во банки со 1,3 % и останатите средства со 2,5 %.

Нивото и структурата на ликвидните средства се одржуваат во согласност со ликвидносните потреби на Банката и на комитентите, со почитување на регулаторните и групациските барања во однос на валутната усогласеност на средствата и обврските, интерните акти, потребите за исполнување на просечното ниво на задолжителна резерва, како и со успешното менаџирање на поголемите одливи и плаќања на комитентите во текот на годината.

**Кумулативниот реализиран финансиски резултат** пред оданочувањето за периодот јануари – декември 2016 година изнесува 488 милиони денари и споредено со истиот период во минатата година е повисок за 41 милиони денари или за 9,2 %, додека споредено со планираниот остварен резултат е повисок за 4,6 %.

Нето-приходите од камати на крајот од декември 2016 година изнесуваат 1.155,1 милиони денари и бележат пораст од 16,6 % во споредба со остварените нето-приходи од камати во минатата година, со реализација над планот од 11,5 % . Приходите од каматите се зголемени за 79 милиони денари или за 5,4 %.

Каматните трошоци бележат намалување за 85.1 милиони денари или за 18,0 %, како резултат на приспособувањето на каматните стапки на депозитите на клиентите, додека во исто време се намалени трошоците по основа на камати за финансирање од меѓународни финансиски институции поради намалување на состојбата во согласност со редовната отплата на достасаните рати.

Во анализираниот период, нето-приходите од провизии и од надоместоци изнесуваат 270,2 милиони денари и во однос на 2015 година се зголемени за 8,2 милиони денари или за 3,1 %, со реализација на планот од 87,3 %.
.
Нето-приходите од курсни разлики изнесуваат 113,1 милиони денари и се зголемени за 3,0 милиони денари или 2,8 % во споредба со истиот период од минатата година, со реализација над планот за соодветниот период од 19 %.

Другите приходи, споредено со истиот период минатата година, се намалени за 73,4 милиони денари, во кој износ за 2015 година е вклучен поголем износ од реализираната продажба на преземени средства за наплата на побарувања.

Вкупните оперативни трошоци во периодот јануари – декември изнесуваат 727 милиони денари и споредено со претходната година забележуваат намалување од 1,5 %, претставувајќи реализација од 95,7 % од планираното за годината. Намалување има речиси кај сите видови трошоци, како резултат на воспоставениот процес за зголемување на ефикасноста со приспособување на бизнис-моделот и со оптимизација на трошоците. Додека пораст има само кај елементите кои се поврзани со зголемување на активностите и прометот, како што се картичното работење и порастот на премијата за осигурување на депозити поврзани со порастот на депозитната база.

Исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа на крајот од 2016 година изнесува 345,8 милиони денари и споредено со 2015 година е зголемена за 71,7 милиони денари или за 26,2 %, во што се вградени резервациите за пораст на портфолиото, како и дополнителните резервации по оцена на соодветните тела на Банката.

**Промени во сметководствените политики и методи на вреднување.**
Во 2016 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

**Исплатени дивиденди.** Во согласност со Одлуката за употреба и за распределување на остварената добивка на Охридска банка АД и Одлуката за распределба на дивидендата и утврдување на дивиденден календар, донесена на седницата на Собранието на Банката, одржана на 12.5.2016 година, делот од добивката во износ од 39.911 илјади денари се распоредува за исплата на дивиденда на акционерите, при што износот на бруто-дивиденда по акција изнесува 91 денар. На крајот од 2016 година Банката изврши исплата на дивиденда на акционерите иматели на обични акции во вкупен износ од 37.685 илјади денари.

**Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30 % од вредноста на средството, споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи).** Материјалните средства (недвижности, постројки и опрема) на крајот на 2016 година изнесуваат 761,6 милиони денари.

**Промени во кредитните задолжувања.** Обврските по кредитни линии на крајот од 2016 година изнесуваат 4.836 милиони денари, односно бележат намалување од 609 милиони денари, коешто е резултат на отплатата на користен кредит од „Сосиете женерал“ во износ од 4 милиони евра, додека во истиот период има намалување и на средствата користени од ЕБРД, ИФЦ и ЕИБ по основа на извршени редовни отплати.

**Очекувања за следниот период.** Во следниот период Банката ќе се ангажира во согласност со мерките и активностите за реализирање на стратешките и на деловните цели поставени со Развојниот план и со Деловната политика на Банката. Банката останува насочена кон постигнувањето на одржлив и профитабилен раст со освојување на дополнително пазарно учество во таргетираните пазарни сегменти, крупните домашни и меѓународни претпријатија, добро позиционираниот дел на МСП-сегментот, индивидуалните и ВИП-клиентите вработени во добростоечки претпријатија, вработените во јавната администрација. Во оваа насока фокусот ќе биде ставен на развивање долгорочни и стабилни односи со постојните и со новите корпоративни и индивидуални клиенти од дефинираните целни групи.
Реализацијата на растот на кредитните пласмани ќе продолжи, при што одобрувањето на кредити ќе се спроведува со претпазливост, со детална процена, соодветно структурирање и избегнување на прекумерен кредитен ризик. Активностите ќе бидат насочени кон стабилни, профитабилни мали и средни претпријатија со одржливи и профитабилни инвестициски планови и проекти, додека во делот на соработка со мултинационалните компании стратегијата на Банката е да се биде „Банка на прв избор“ со обезбедување врвна услуга и врвен опсег на понудени производи.
За поддршка на предвидените активности, во согласност со стратегијата за развој, депозитниот потенцијал останува примарен извор на средства за поддршка на комерцијалните активности.
Земајќи ги предвид целите за развој на Банката, со цел да се обезбеди поддршка за комерцијален развој, важна компонента се депозитите од големите компании, чиешто менаџирање е антиципирано во планот
Со цел и во иднина да се поддржуваат кредитните активностите на клиентите со поширока понуда на производи, Банката ќе ја продолжи соработката со меѓународните финансиски институции.

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | 1,543,345 | 1,464,303 |
| Расходи за камата | | (388,183) | (473,273) |
| **Нето-приходи/(расходи) од камата** | 6 | **1,155,162** | **991,030** |
| Приходи од провизии и надомести | | 413,338 | 397,299 |
| Расходи за провизии и надомести | | (143,119) | (135,261) |
| **Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести** | 7 | **270,218** | **262,039** |
| Нето-приходи од тргување | 8 | - | - |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | - | - |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 113,103 | 110,068 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 23,761 | 96,067 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | 12 | (345,799) | (274,078) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | (1,413) | (400) |
| Трошоци за вработените | 14 | (295,217) | (299,777) |
| Амортизација | 15 | (78,967) | (76,559) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (352,879) | (361,402) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | - | - |
| **Добивка пред оданочување** | | **487,969** | **446,988** |
| Данок на добивка | 17 | (52,966) | (47,572) |
| **Добивка за финансиската година** | | **435,003** | **399,416** |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| Основна заработка по акција (во денари) | | 991.83 | 910.69 |
| Разводнета заработка по акција (во денари) | | 991.83 | 910.69 |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **435,003** | **399,416** |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)** | | | |
| Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба | | | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | | - | (1) |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања | | - | - |
| - ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството | | - | 8,369 |
| - намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот на паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | - | - |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | - | - |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех*** | | **-** | 8,368 |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | **435,003** | **407,784** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**На ден 31 декември 2016**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 7,289,327 | 8,219,433 |
| Средства за тргување | 19 | - | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 20 | - | - |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | 449,667 | 93 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 24,123,136 | 21,353,493 |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 3,064,442 | 2,417,917 |
| Вложувања во придружени друштва | 24 | - | - |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | - | - |
| Останати побарувања | 25 | 73,325 | 77,002 |
| Заложени средства | 26 | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | - | 7,065 |
| Нематеријални средства | 28 | 59,323 | 51,954 |
| Недвижности и опрема | 29 | 761,565 | 789,655 |
| Одложени даночни средства | 30.2 | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | - | - |
| **Вкупно средства** | | **35,820,785** | **32,916,612** |
| | | | |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски за тргување | 32 | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 33 | - | - |
| Дериватни обврски чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Депозити на банки | 34.1 | 239,836 | 69,464 |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 26,491,945 | 23,571,240 |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | - | - |
| Обврски по кредити | 36 | 4,836,394 | 5,445,211 |
| Субординирани обврски | 37 | 870,489 | 872,096 |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 66,706 | 55,297 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 10,862 | 22,119 |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | - | - |
| Останати обврски | 39 | 284,997 | 256,722 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | - | - |
| **Вкупно обврски** | | **32,801,229** | **30,292,148** |
| | | | |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Запишан капитал | 40 | 1,162,253 | 1,162,253 |
| Премии од акции | | 127,228 | 127,228 |
| Сопствени акции | | - | - |
| Други сопственички инструменти | | - | - |
| Ревалоризациски резерви | 40 | 8,369 | 8,369 |
| Останати резерви | 40 | 122,597 | 122,597 |
| Задржана добивка | | 1,599,109 | 1,204,017 |
| Вкупно капитал и резерви | | **3,019,556** | **2,624,464** |
| | | | |
| Вкупно обврски, и капитал и резерви | | **35,820,785** | **32,916,612** |
| | | | |
| Потенцијални обврски | 42.1 | 14,971,175 | 14,106,068 |
| Потенцијални средства | 42.2 | **-** | - |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(Во илјади денари)**

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Паричен тек од основната дејност** | | |
| Добивка пред оданочување | 487,970 | 446,988 |
| *Коригирана за:* | | |
| Амортизација на: | | |
| нематеријални средства | 20,651 | 24,416 |
| недвижности и опрема | 58,316 | 52,143 |
| Капитална добивка од: | | |
| продажба на нематеријални средства | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | (516) | (10,619) |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | (862) | (68,423) |
| Капитална загуба од: | | |
| продажба на нематеријални средства | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | - | - |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 200 | - |
| Приходи од камата | (1,543,344) | (1,464,303) |
| Расходи за камата | 388,183 | 473,273 |
| Нето-приходи од тргување | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа: | | |
| дополнителна исправка на вредноста | 366,037 | 298,923 |
| ослободена исправка на вредноста | (20,238) | (24,845) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа: | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | 1,413 | 400 |
| ослободени загуби поради оштетување | - | - |
| Посебна резерва: | | |
| дополнителни резервирања | 17,932 | 24,823 |
| ослободени резервирања | (6,523) | (16,386) |
| Приходи од дивиденди | (3,657) | (3,276) |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | - | - |
| Останати корекции | - | - |
| Наплатени камати | 1,540,138 | 1,463,386 |
| Платени камати | (392,096) | (481,791) |
| **Добивка од дејноста пред промените на деловната актива:** | **913,604** | **714,709** |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | |
| Средства за тргување | - | - |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | (447,249) | (1,566) |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | (3,107,692) | (3,028,594) |
| Заложени средства | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 5,652 | 43,739 |
| Задолжителна резерва во странска валута | (45,760) | (112,815) |
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи | - | - |
| Останати побарувања | 7,046 | 9,998 |
| Одложени даночни средства | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | - | |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | | - |
| Обврски за тргување | - | |
| Дериватни обврски чувани за управување со ризик | - | - |
| Депозити на банки | 170,372 | 58,014 |
| Депозити на други комитенти | 2,920,706 | 495,777 |
| Останати обврски | 18,694 | 83,496 |
| Обврски директно поврзани со група средства за отуѓување | - | - |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочување** | **435,373** | **(1,737,242)** |
| (Платен)/ поврат на данок на добивка | (64,223) | (50,203) |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | **371,150** | **1,787,445** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК (продолжение)**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(Во илјади денари)**

| | | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Паричен тек од инвестициска дејност** | | | |
| (Вложувања во хартии од вредност) | | (4,035,185) | (2,426,599) |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | 3,388,617 | 36,788 |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | - | - |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | - | - |
| (Набавка на нематеријални средства) | | (28,021) | (28,020) |
| Приливи од продажбата на нематеријални средства | | | - |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | (30,226) | (108,216) |
| Приливи од продажбата на недвижности и опрема | | 1,457 | 73,521 |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | - | - |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | - | - |
| (Останати одливи од инвестициска дејност) | | - | - |
| Останати приливи од инвестициска дејност | | - | - |
| **Нето паричен тек од инвестициска дејност** | | **(703,358)** | **(2,452,526)** |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | |
| (Отплата на издадени должнички хартии од вредност) | | - | - |
| Приливи од издадени должнички хартии од вредност | | - | - |
| (Отплата на обврските по кредити) | | (3,677,580) | (1,579,270) |
| Зголемување на обврските по кредити | | 3,072,657 | 1,663,597 |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | (7,734) | (13,464) |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | 6,145 | 15,050 |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | - | - |
| (Откуп на сопствени акции) | | - | - |
| Продадени сопствени акции | | - | - |
| (Платени дивиденди) | | (37,685) | - |
| (Останати одливи од финансирањето) | | - | - |
| Останати приливи од финансирањето | | - | - |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | | **(644,197)** | **85,913** |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | | 52 | 562 |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | | |
| **Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | | **(976,353)** | **(4,153,496)** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | 7,041,725 | 11,195,221 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | **18** | **6,065,372** | **7,041,725** |

**Извештај за промените во капиталот и резервите за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016**

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба | Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања | Резерва за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | Останати резерви | расположива за распределба на акционерите | ограничена за распределба на акционерите | Акумулирани загуби | **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | Неконтролирано учество* | **Вкупно капитал и резерви** |
| На 1 јануари 2015 (претходна година) | 1,162,253 | 127,228 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110,984 | 0 | 0 | 0 | 816,215 | 0 | **2,216,681** | 0 | **2,216,681** |
| Корекции на почетната состојба | | | | | | | | | | | | | | | | | | **0** |
| **На 1 јануари 2015(претходна година), коригирано** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Добивка / (загуба) за финансиската година | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39,911 | 359,504 | 0 | **399,416** | 0 | **399,416** |
| **Останати добивки / (загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 | 0 | (1) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **(1)** | 0 | **(1)** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на паричните текови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| -ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8,369 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **8,369** | | **8,369** |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот*** | 0 | 0 | 0 | 0 | (1) | 8,369 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8,368 | 0 | 8,368 |
| **Вкупно сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | **0** | **0** | **0** | **0** | **(1)** | **8,369** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **39,911** | **359,504** | **0** | **407,784** | **0** | **407,784** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Издадени акции во текот на периодот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за законска резерва | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за останати резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11,612 | 0 | 0 | 0 | (11,612) | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Дивиденди | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Откуп на сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Продадени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Други промени во капиталот и резервите - преднос од издвоени резерви за купување сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Други промени во капиталот и резервите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **11,612** | **0** | **0** | **0** | **(11,612)** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **На 31 декември 2015(претходна година) / На 1 јануари 2016(тековна година)** | **1,162,253** | **127,228** | **0** | **0** | **0** | **8,369** | **0** | **0** | **0** | **122,597** | **0** | **0** | **39,911** | **1,164,106** | **0** | **2,624,464** | **0** | **2,624,464** |
| **Сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Добивка / (загуба) за финансиската година | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 43,420 | 391,583 | 0 | **435,003** | 0 | **435,003** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | **0** | | **0** |
| **Останати добивки / (загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех** | | | | | | | | | | | | | | | | **0** | | **0** |
| Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на паричните текови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Останато | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| -ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот*** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупно сеопфатна добивка / (загуба) за финансиската година** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **43,420** | **391,583** | **0** | **435,003** | **0** | **435,003** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Издадени акции во текот на периодот | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за законска резерва | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Издвојување за останати резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Дивиденди | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | (39,911) | 0 | 0 | **(39,911)** | 0 | **(39,911)** |
| Откуп на сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Продадени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| Други промени во капиталот и резервите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | 0 | **0** |
| **Трансакции со акционерите, поврзани во капиталот и резервите** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **(39,911)** | **0** | **0** | **(39,911)** | **0** | **(39,911)** |
| **На 31 декември 2016 (тековна година)** | **1,162,253** | **127,228** | **0** | **0** | **0** | **8,369** | **0** | **0** | **0** | **122,597** | **0** | **0** | **43,420** | **1,555,689** | **0** | **3,019,556** | **0** | **3,019,556** |